ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:** Јавната здравствена установа Здравствен дом „Д-р Хаим Абраванел“ Битола

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметка за средства од Фондот - 737

**Цел на ревизијата:** Дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања и дали активностите, финансиските трансакции и информациите во истите се во согласност со релевантната законска регулатива.

**Клучни утврдени состојби:**
- отсуство на процедури за работа и невоспоставен систем на внатрешни контроли;
- пописот на средствата и обврските не е спроведен во целост;
- извршено е преотстапување не опрема на ПЗУ и физичко отстранување на дотраена и неупотреблива опрема без да бидат почитувани законските процедури;
- за дел од објектите не се обезбедени докази за сопственост ниту пак имотни листови;
- масло за греење во износ од 900 илјади денари не е евидентирано во сметководствена и материјална евиденција
- недоследности при спроведувањето на дел од јавните набавки на лабораториски материјали.

**Издадено мислење/заклучок*:** (жолто)

Изразено е мислење со резерва во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива за 2020 година.

**Клучни препораки:**
- воспоставување на контроли и изготвување на процедури за работа за клучните процеси во Здравствениот дом;
- вршење на целосен попис и навремено доставување на извештајот од истиот до одговорното лице;
- со дотраената и неупотреблива опрема да се постапува во согласност со законските процедури;
- обезбедување на доказ за сопственост и имотни листови за дел од објектите;
- сметководствено и материјално евидентирање на приемот и потрошувачката на маслото за греење
- обезбедување конкуренција при спроведувањето на постапките за јавна набавка на лабораториски материјали

**Клучни системски слабости:**
И покрај постоењето законска обврска на Министерството за здравство за воспоставување на Национален систем за материјално-финансиско и сметководствено работење во ЈЗУ и Централен систем за регистрација на работно време за потребите на ЈЗУ, истите не се во функција.

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:** Не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 17-173/7 од 13.12.2021 година

* (зелено) **позитивно,** (жолто) **со резерва,** (црвено) **неповолно,** (црно) **воздржување**

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков“, П. Фах 249, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata „Emanuel Çuçkov“, rr. Pavel Shatev nr.2, Fax P. 249, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev Str.2 Palata Emanuel Cuckov, P.O. Box 249, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk